Републички Совет за Безбедност на Сообраќајот на Патиштата
www.rsbsp.mk

# Прирачник за возач-почетник

**#ВозиОдговорно**

**март 2016**

ул. „Ѓорѓи Димитров“ бр.13,1000 СкопјеТел. 02/2700–047 facebook:РСБСП tweeter: RSBSP

***Наместо класичен вовед во Прирачникот, да проговориме малку за она што се нарекува-Култура и етика во сообраќајот***

**Возачката дозвола–**правото за управување моторно возило, претставува доверена одговорност од семејството и општеството. Тоа значи дека вашето семејството и општеството, во вас препознаваат личност која е зрела, свесна и совесна, односно личност која знае да го вреднува животот и позитивните вредности во општеството. Да се учествува во сообраќајот како возач, значи да се манифестира одговорност и да се почитуваат сообраќајните правила и прописи, секаде и секогаш.

Сообраќајните незгоди се последица од неодговорно учество во сообраќајот и непочитување на сообраќајните правила и прописи. Тие претставуваат една од водечките причини за смртност кај луѓето, особено кај младите. На светско ниво, според официјалната статистика, 1.25 милони луѓе годишно го губат животот во сообраќајни незгоди, од нив околу 25 % се млади лица на возраст до 29 години. Околу 50 милиони лица годишно се здобиваат со тешки телесни повреди, од кои голем број и со траен инвалидитет, исто така, како последица од неодговорно учество во сообраќајот.

Во Република Македонија, во просек 160-170 лица годишно, го губат животот во сообраќајни незгоди.

Најчести причини поради кои настануваат сообраќајни незгоди во кои страдаат младите лица се: пречекорување на дозволената брзина и управување со моторно возило под дејство на алкохол и психотропни супстанции, или пак, нивна комбинација.

Младите возачи кај кои е забележан поголем процент на алкохол во крвта се многу опасни за сообраќајот и нивно учество во него. Ризикот да предизвикаат потешки сообраќајни незгоди е за три пати поголем во споредба со искусните и постари возачи.

Статистички земено, 25 % од сообраќајните незгоди кои се со потешки последици, ги предизвикуваат млади лица до 29 години, 30 % од вкупно загинатите лица, во сообраќајни незгоди, се млади лица на возраст до 29 години, а над 30% од сообраќајните незгоди, со смртни последици, во кои учествуваат млади возачи се случиле под дејство на алкохол.

Управување моторно возило со недозволена брзина и под дејство на алкохол, покрај тоа што предвидува законска санкција изразена во парична вредност и можност за привремено одземање на возачката дозвола, претставува акт на непочитување на човечкиот живот и здравје и непочитување на хуманите и цивилизациските вредности.

Веројатноста да се случи сообраќајна незгода во такви околности е голема. Веројатноста да го загрозите сопствениот живот, сопственото здравје и животот и здравјето на другите учесници во сообраќајот, е исто така голема.

Кога зборуваме за сообраќајните незгоди, важно е да истакнеме дека тие предизвикуваат големи материјални загуби за општеството. Меѓутоа, не е во прашање само материјалниот аспект. Можноста и ризикот да предизвикаш сообраќајна незгода во која го загрозуваш сопствениот живот и животот на другите учесници во сообраќајот, е најстрашното нешто. Можноста, само еден момент на невнимание, момент на непромосленост и момент на лекомисленост, да те претвори во жртва или причина за загубен човечки живот (нечиј син, ќерка, мајка, татко, брат, сестра, роднина или пријател),  е она што треба да те замисли како треба да се однесуваш во сообраќајот. И не сите загинуваат во сообраќајни незгоди, некои мораат целиот свој живот да го живеат со тие последици. Некои остануваат со тешки повреди и трауми во текот на целиот свој живот. Кога зборуваме за последиците од сообраќајна незгода, не треба да заборавиме и на законските последици, односно казнени мерки кои се пропишани со Законот, а кои предвидуваат и казна затвор за дела во сообраќајот, квалификувани како опасни по животот и имотот на граѓаните. Емоционалните, моралните и етичките последици со кои мора да продолжи животот, исто така, се доста сериозни. Тоа се трајни последици. Затоа, пораката е едноставна. **Возете вниманието, немојте да пиете додека возите или не возете кога веќе сте пиеле!**

Употребата на мобилни телефони, текстирањето и други слични дејствија за време на управување со возилото, е неодговорен чин, кој ја загрозува безбедноста во сообраќајот. Најпаметната работа што можете да ја направите кога ќе седнете зад воланот, е да го ставите сигурносниот појас и да го исклучите мобилниот телефон. Ништо не е поважно од вашата безбедност и од важиот живот. **Зад воланот вие сте единствено возач!  Сѐ друго може да почека!**

Санкционирањето на неодговорните учесници во сообраќајот е еден од инструментите на сообраќајната превенција, односно, санкционирањето секогаш е со цел да се спречи и поучи прекршителот да не го повтори прекршокот. Меѓутоа, човекот (ти) е совесно битие кое знае да расудува што е добро, а што не е, што смее да направи, а што не, што ќе го направи почитуван во општеството, а што нема. Најголемата грешка на човекот, како совесно битие, е перцепцијата дека сообраќајните незгоди се случуваат некаде на друго место, во некое друго време и на некои трети луѓе. Не! Сообраќајните незгоди  може да се случат секаде и секому и тие не се случуваат случајно. Не постои судбина, туку невнимание и непочитување на правилата и прописите во сообраќајот. **Затоа, за опасностите и последиците од сообраќајните незгоди, треба да се размислува пред тие да се случат!**

Често сме сведоци на потресни случки, од сообраќајни незгоди, во кои сите се прашуваат зошто мораше ова да се случи? Што требаше да се направи тоа да не се случи?  Меѓутоа, понекогаш прашањето за тоа што требаше да се направи, го поставуваме кога веќе е предоцна. Кога веќе не може ништо да се промени. **Затоа, размисли пред да биде доцна– ти си возач, ти си одговорен!**

Безбедноста во сообраќајот е заедничка и поделена одговорност на сите учесници во сообраќајот. Секој има право да биде безбеден во сообраќајот, но и секој има обврска да придонесува за поголема безбедност во сообраќајот на патиштата. Сообраќајната дисциплина, односно почитувањето на сообраќајните правила и прописи, од сите учесници во сообраќајот, е единствена гаранција за безбеден сообраќај т.е. за сообраќај без жртви. Секој поединец, учесник во сообраќајот, треба да го даде својот личен пример, својот личен придонес и должен е да покаже лична одговорност за подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата и намалување на бројот на настрадани лица во сообраќајот на патиштата.

Во содржината која следи, во кратки црти ќе ги посочиме најважните сообраќајни правила кои секој возач-почетник треба да ги знае, причините и последиците од сторена сообраќајна незгода и како да се соочите и да изреагирате во таква ситуација.

**ВОЗАЧ ПОЧЕТНИК**



**Возач-почетник** е секој возач на моторно возило во период од две години по добивање возачка дозвола, независно дали дозволата ја добил во Република Македонија или во странство.
**Возач-почетник** е и возач на моторно возило во период од две години по добивање возачка дозвола, од одредена категорија, независно дали поседува возачка дозвола за друга категорија.

**Возач-почетник** не смее да управува со возило со брзина поголема од:
- 60 km/h на јавен пат,
- 80 km/h на пат наменет исклучиво за сообраќај на моторни возила,
- 100 km/h на автопат,
- со велосипед со мотор, повеќе од 40 km/h,
- не смее со возилото да влече приклучно возило, или
- да врши организиран превоз на деца.

**Возач-почетник на моторно возило** не смее да управува возило во патниот сообраќај во периодот од 23:00 часот до 05:00 часот, освен ако со него во возилото, на предното седиште, се наоѓа лице-возач од соодветната категорија и е постаро од 25 години, а на кое не му е изрекувана прекршочна санкција-забрана за управување со моторно возило.

**Возач-почетник** кој поседува возачка дозвола од „Б“ категорија, не смее да управува со возило, чија сила на моторот е поголема од 77 киловати.

## БРЗИНА НА ДВИЖЕЊЕ

Главна причина за најголем дел од сообраќајните незгоди е управување со возило со недозволена и неприлагодена брзина на движење, спрема конкретните патно-временски услови. Брзината со која ќе се движат во сообраќајот, ја одредуваат возачите, но притоа мора да ги почитуваат сообраќајните знаци.

Во населено место, возачот не смее со своето возило да се движи со брзина поголема од 50 km/h, односно со брзина поголема од онаа пропишана на поставениот сообраќаен знак, кој важи за целото населено место или за определен дел.




На јавен пат, надвор од населено место, возачот со своето возило не смее да се движи со брзина поголема од:



130 km/h на автопат

110 km/h на пат резервиран за сообраќај на моторни возила

90 km/h на други патишта



Брзината со која се движат моторните возила на јавен пат, во нормални услови на сообраќај, не може да се ограничи со сообраќаен знак под 40 km/h.



Велосипедистите и возачите на мопеди, кога се движат по велосипедска патека и лента, не смеат да се движат со брзина поголема од 25 km/h.

# СВРТУВАЊЕ

Возачот кој свртува во десно, должен е дејствието на свртување да го направи по крајната десна сообраќајна лента, освен ако со сообраќаен знак не е поинаку одредено.



Возачот кој свртува во лево, должен е дејствието на свртување да го направи по крајната лева сообраќајна лента која се протега вдолж средишната линија.



За да може безбедно да го изврши свртувањето на крстосница, велосипедистот или возачот на мопед, должен е да заземе позиција за вртење, на доволно растојание од крстосницата, во онаа сообраќајна лента по која ќе го изврши свртувањето.



За цело време на свртувањето во лево, велосипедистот мора да дава знак со раката за да можат другите возачи да ја видат неговата намера. Свртувањето во лево, велосипедистот го прави, откако претходно ќе ја провери сообраќајната ситуација зад него, со давање знак со раката и престројување на средината од коловозот.



## ОБИКОЛУВАЊЕ И ПРЕСТИГНУВАЊЕ



**Престигнување** е минување со возило покрај друг учесник во патниот сообраќај, кој се движи во иста насока, по иста сообраќајна лента или по дел од коловозот наменет за сообраќај. Побрзото возење на едната колона возила од другата колона, на пат на кој има најмалку две сообраќајни ленти, за возење во иста насока, не се смета за престигнување.



**Обиколување** е возење покрај запрено или паркирано возило или друг објект што се наоѓа на сообраќајната лента по која се движи возилото

Возачот кому му е даден знак за престигнување од неговата лева страна, должен е да го помести своето возило кон десниот раб на коловозот.

Возачот не смее да ја зголемува брзината на движење на своето возило, додека го престигнува друго возило.

Ако заради недоволната ширина на коловозот или неговата состојба, не е можно престигнување без загрозување на сообраќајот, возачот на возилото кое се движи побавно од возилата што се движат непосредно зад него, должен е да го помести своето возило колку што е можно повеќе надесно, а ако тоа не е доволно, да го запре своето возило на погодно место, со што ќе овозможи пропуштање на побрзите возила.

**<u>Престигнување се врши од десна страна во следните случаи:</u>**

Кога возилото свртува во лево и за тоа возачот дал знак



Шинско возило кое се движи по шини поставени на средината од коловозот



**<u>Престигнување е забрането:</u>**

Пред превој или во непрегледна кривина, освен ако на овие места постојат повеќе сообраќајни ленти за движење во една насока



Непосредно пред и на премин, преку железничка или трамвајска пруга, во ниво без браник или полубраник



Пред и на обележан пешачки премин



Непосредно пред и на крстосница, која не е со кружен тек на сообраќај



Непосредно пред и во тунел



**<u>Возачот не смее да започне со престигнување:</u>**

Колона возила



Ако возачот кој се движи зад него, започнал со престигнување



Ако возачот кој се движи напред, дал знак дека има намера да изврши обиколување или престигнување на возило пред него



Ако после престигнувањето или обиколувањето, не може повторно да заземе положба, во сообраќајната лента, по која се  движел пред да отпочне со престигнување



## РАЗМИНУВАЊЕ



Разминување е минување со возило, покрај друго возило кое се движи по истиот коловоз, од спротивната насока.

При разминување, возачот е должен од неговата лева страна да остави доволно безбедно бочно растојание и возилото да го помести кон десниот раб од коловозот.



Потешкотии при разминување, може да настанат заради препрека на патот или поради недоволна ширина на коловозот. Ако разминувањето не може да го направи безбедно, возачот е должен да ја намали брзината на движење, а по потреба и да го застане возилото и да го пропушти возилото од спротивната насока

## ЗАПИРАЊЕ И ПАРКИРАЊЕ



Секој прекин на движење на возило, вклучено во сообраќај на патот, кој трае до 3 (три) минути, при кој возачот не го напушта возилото, освен прекин кој се врши кога се постапува според сообраќаен знак или правило со кое се регулира сообраќајот, се вика **запирање на возило.**

Прекин на движење на возилото во траење подолго од 3 (три) минути, освен прекинот што се врши кога се постапува според сообраќаен знак, или правило со кое се регулира сообраќајот,
се вика **паркирање на возило.**

**Запирање и паркирање е забрането:**

- на обележан пешачки премин, како и на премин на велосипедска патека преку коловозот и на оддалеченост помала од десет метри од тие премини
- на премин на патот преку железничка или трамвајска пруга во исто ниво
- на крстосница и на оддалеченост помала од десет метри од најблискиот раб на напречниот коловоз
- на мостови, во подвозници, на надвозници како и на растојание помало од петнаесет метри од мостови, тунели, подвозници и надвозници



- на дел од јавен пат, во близина на врв од преслап и во кривина, каде што прегледноста на патот е недоволна и каде што обиколување на возилото не би можело да се изврши без опасност




- на велосипедска патека, односно лента




- на тротоар, односно пешачка патека, ако тоа не е изречно регулирано со сообраќаен знак. Ако е дозволено паркирање, односно запирање, задолжително треба да се остави најмалку 1,6 метри ширина на површината за движење на пешаци. Со тоа што, таа површина не може да биде покрај работ на коловозот

- на дел од јавен пат, пред премин на пат преку железничка или трамвајска пруга, во исто ниво, и тоа на оддалеченост помала од 15 метри од тие премини




- на оддалеченост помала од 15 метри пред и зад знак, со кој е обележано стојалиште за возила на јавниот сообраќај

## СООБРАЌАЈ НА КРСТОСНИЦА

Најголем број од сообраќајните незгоди во населени места, се случуваат поради непочитување на првенство за минување на крстосници. Со сообраќајни прописи, детаљно е регулиран односот меѓу возачите на возила чии правци на движење се вкрстуваат на крстосница, како и односот меѓу пешаците и возачите.

**Крстосница** е површина на која се вкрстосуваат или соединуваат два или повеќе јавни патишта.

На местата каде што патиштата се пресекуваат или вкрстуваат, се формираат крстосници со различни облици (Т, Х, Y).



Четирикрака „Х“ крстосница



Трикрака „Y“ крстосница

Трикрака „Т“ крстосница





Крстосница со кружен тек на сообраќај

**<u>Регулирање на сообраќајот на крстосница</u>**



**Регулирањето на сообраќајот на крстосница, со знаци кои ги дава униформиран полициски службеник,** има приоритет во однос на останатите начини на регулирање на сообраќајот

**Наредбите кои ги дава полицискиот службеник,** мора да ги почитуваат и возачите на возилата под придружба, возилата со право за првенство на минување, како и шинските возила.



**Регулирање со светлосни сообраќајни знаци – семафори**

**Светлосната сигнализација,** мора да ја почитуваат возачите на возилата под придружба, возилата со право за првенство на минување, како и шинските возила.

Ако на семафорот е **вклучено жолто трепкаво светло** или семафорот е исклучен, редоследот на поминување во крстосницата се одредува врз основа на поставените сообраќајни знаци.



**Регулирање на сообраќајот со хоризонтална и вертикална сигнализација**




На крстосница, сообраќајот може да биде регулиран со сообраќајни знаци (вертикална сигнализација) и со ознаки на коловозот (хоризонтална сигнализација)

Возачите на шински возила, должни се да ги почитуваат поставените сообраќајни знаци и ознаки на коловозот.

**Регулирање на сообраќајот според сообраќајни прописи**




На крстосница, возачот е должен да го пропушти возилото што доаѓа од неговата десна страна, освен ако со сообраќаен знак не е поинаку одредено. На сликата, првенство за минување има велосипедистот со бр.2

**Сообраќај на крстосница со кружен тек на сообраќај**



Со примена на кружен тек на сообраќај, се овозможува значително поголема пропусна моќ на крстосниците

Првенство за минување во крстосница со кружен тек на сообраќај имаат возилата што се наоѓаат во кружниот тек

При навлегување во крстосницата, возачот нема обврска да вклучи покажувач на правец

Пред да ја напушти крстосницата, возачот мора да се престрои, на тој начин, да може безбедно да ја напушти крстосницата. При напуштање на крстосница со кружен тек на сообраќај, потребно е да се следи сообраќајната ситуација во кружниот тек и да се вклучи десен покажувач на правец, или да даде знак со испружена десна рака (велосипедист).

## СООБРАЌАЈ ВО ТУНЕЛ



Возачот кој со возилото минува низ тунел, не смее:



- да го запира возилото во тунелот
- да врши полукружно свртување
- да се движи наназад
- возачот на моторно возило, должен е да се движи со запалени соборени светла за осветлување на патот

## СООБРАЌАЈ НА ПРЕМИН НА ПАТ ПРЕКУ ЖЕЛЕЗНИЧКА ПРУГА

**<u>Возачот на возилото кое се доближува кон преминот е должен</u>**:



- да застане на знак на овластените работници од областа на железничкиот сообраќај
- да запре пред преминот ако уредот за затворање на сообраќајот е спуштен или ако тој уред веќе почнал да се спушта, или ако се даваат

светлосни или звучни знаци што предупредуваат дека тој уред ќе почне да се спушта, односно дека кон преминот на патот преку железничката пруга наидува воз

- да запре кога ќе се појави црвено трепкаво светло или црвено непрекинато светло
- преминувањето да го прави со особена претпазливост и кога светлата на преминот не се запалени
- да премине дури откако претходно ќе се увери дека по пругата не наидува воз или некое друго возило што се движи по шини

# СООБРАЌАЈ НА ВОЗИЛА ПОД ПРИДРУЖБА И ВОЗИЛА СО ПРАВО НА ПРВЕНСТВО ЗА МИНУВАЊЕ

## Возила под придружба



За возила под придружба, се сметаат возила на кои им е доделена придружба од полициски возила или придружба од воени лица на посебни моторни возила, опремени со уреди со кои се даваат посебни звучни и светлосни сигнали, во сина и црвена боја.

Возачот кој на патот ќе сретне возило или колона возила под придружба, и возачот кој ќе биде престигнат од возило или колона возила под придружба, должен е да го запре своето возило; ноќе наместо долги светла, да употреби соборени светла за осветлување на патот; строго да се придржува кон наредбите што му ги даваат лицата од придружбата и да го продолжи движењето дури откако ќе поминат сите возила под придружба.

Возилата под придружба, водејќи сметка за безбедноста на другите учесници во сообраќајот, имаат право на првенство на минување, во однос на сите други возила, освен, во однос на возилата што се движат на крстосница на која сообраќајот е регулиран со светлосни сообраќајни знаци, или со знаци што ги дава полициски службеник.

## Возила со право на првенство за минување



*Возила на службата за Брза помош*
*Противпожарни возила*
*Возила на полицијата на Р.М.*
*Возила на Армијата на Р.М.*

Овие возила имаат првенство за минување, освен во однос на возилата под придружба и на крстосница на која сообраќајот е регулиран со светлосни сообраќајни знаци или со знаци на униформиран полициски службеник



Возилото на Брза помош има првенство за минување во однос на сите возила кога има вклучено светло, а сообраќајот е регулиран со вертикална сигнализација, односно со сообраќаен знак или со семафор

Возилото на Полицијата кога нема вклучено светло мора да ги почитува сообраќајните знаци и поставената сигнализација



## СООБРАЌАЈ НА АВТОПАТ, ЕКСПРЕСЕН ПАТ И НА ПАТ РЕЗЕРВИРАН ЗА СООБРАЌАЈ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА

**<u>По автопат, експресен пат и на пат резервиран за сообраќај на моторни возила, не смеат да се движат:</u>**



- пешаци, велосипеди, мобилни машини, мотокултиватори, трактори, запрежни возила и добиток, ниту возила кои според одредбите на овој закон не се сметаат за моторни возила
- моторни возила, кои според своите конструкциски својства не можат да се движат со брзина од најмалку 60 km/h

**<u>На автопат, експресен пат и на пат резервиран за сообраќај на моторни возила, возачот не смее:</u>**



- да врши полукружно свртување
- да се движи со возилото наназад
- да запира и паркира возило, освен на површините надвор од коловозот кои за тоа се посебно уредени и обележани
- влече друго моторно возило, кое заради неисправност или недостиг на одделни делови не може да се движи, освен ако причината за влечење настанала за време на движењето на моторното возило по автопатот, но тоа може да го направи само по крајната десна сообраќајна лента, до првиот приклучен пат.

**#ПојасотНеЕСамоЗаВозачотИлиСовозачотТукуИЗаЛицатаОдЗаднитеСедишта**

## ОСНОВНИ ПРАВИЛА И СОВЕТИ-КАКО ДА ПОСТАПИТЕ ВО СЛУЧАЈ НА СООБРАЌАЈНА НЕЗГОДА

Укажување прва помош, е најважна постапка со која, со сигурност се спасува човечки живот, во случај на сообраќајна незгода. Со основно предзнаење, за тоа како да се помогне на повредените во случена сообраќајна незгода, возачот кој ќе наиде на ваква ситуација може многу да придонесе за исходот на здравствената состојба на повредениот.

Советите и насоките кои во понатамошниот дел од текстот ќе ги објасниме, првенствено се наменети за младите возачи, за возачи-почетници и за оние возачи кои имаат помало искуство во сообраќајот. Прво и основно правило, пред да започнете со укажување прва помош е-**НЕ ПАНИЧЕТЕ**. Останете смирени, размислувајте со ладна глава и еве за да ви биде полесно, замислете си  дека сте дел од некоја филмска сцена или дел од игра во која треба да им помогнете или да ги спасите жртвите во сообраќајна незгода и со тоа да бидете главниот херој кој спасува нешто бесценето, а тоа е човечкиот живот. А сега, да се вратиме на советите и на тоа што се случува кога ќе настане сообраќајна незгода.

- ✓ Пред да дојдете до повредениот, проверете ја сигурноста и безбедноста на местото на несреќата.
- ✓ Направете увид, дали и колку повредени има.
- ✓ Ако има, веднаш повикајте **итна медицинска помош (ИМП)** на тел.број **194**! Претставете се, дајте точна информација што се случило, кажете ја точната локација на несреќата и колку повредени има, како и можната опасност од пожар, вода, отровни гасови. **Оставете го вашиот телефонски број за контакт со службата за ИМП**. Никогаш први не ја прекинувајте линијата со итната помош од каде може да добиете насоки како да постапите со повредениот.
- ✓ Во случај да не може да се обезбеди пристап до повредениот поради оштетување на возилото, или ако постои можност за опожарување на истото, веднаш повикајте и **противпожарната бригада** на тел број **193**!

### Како да се помогне?

**Лекарите велат:** ако не сте сигурни за тоа како да постапите, подобро е да не преземате ништо, отколку да работите неправилно. Ова посебно важи за незгода која се случила во градска средина, каде е многу поверојатно дека итната помош ќе стигне многу брзо.

**Примена на постапки за прва помош до доаѓање на ИМП:**

1. Обидете се да воспоставите вербален контакт со повредениот.
2. Ако нема одговор, проверете дали дише.
3. Ако има дишење, наместете го во странична положба.
4. Кога повредениот не дише и нема пулс (се проверува дали има пулсации на вратот),применете ја постапката за оживување:
   - Отворете го дишниот пат со притискање на челото и подигање на долната вилица.
   - Вкрстете ги рацете на средината на градниот кош и 30 пати притиснете за 4-5 см со брзина од 100 притисоци во минута.
   - Затворете го носот на повредениот и вдишете му еднаш.
   - Кога градниот кош ќе се спушти, постапката се повторува.
   - Се продолжува со масажа на срце, во соодност 30 масажи со 2 вдишувања.

**Постапка при надворешно крварење**:

Кога има надворешно крварење, особено од артериски крвен сад (светло-црвена крв во млаз), над раната се става газа која се притиска со компресивен завој. Ставете завој или ткаенина над местото на крварење и подигнете го нагоре екстремитетот кој крвари. Кога постои крварење од венски крвен сад, крвта истекува со сливање и е со темно-црвена боја. Во тој случај, подврзете го екстремитетот со завој или ткаенина, под местото на раната. При постоење на сомнеж за скршеница на коските на рацете или на нозете, прво се стопира крварењето и со минимални поместувања, ако сте во можност, направете имобилизација. При тоа, важи правилото-се имобилизираат два соседни зглоба. Користете предмети кои ќе ви се најдат во моментот (гранка, даска и сл).

**ВАЖНО!!!**

- Доколку постои и најмал сомнеж за **повреда на вратот**, НИКОГАШ не го поместувајте повредениот од положбата во која се наоѓа, сè до доаѓањето на **итната медицинска помош**!
- Ако сте надвор од градот и процените дека треба да помине подолго време за да пристигне **ИМП**, јавете се на **194** и правете како што ќе ви кажува докторот, а ако сте во можност, внесете го повредениот во вашето возило и пренесете го до најблиската здравствена установа.

Заклучок:

Драги возачи, почетници во сообраќајот. Се надеваме дека со помош на овој Прирачник, допревме поблиску до вас, разјаснивме дел од нејаснотиите со кои се соочува секој возач-почетник, објаснивме дел од правилата и прописите кои важат во сообраќајот на патиштата, како во градска средина, така и на автопат, во близина на населени места, тунели итн. и го опфативме делот од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, кој според нашите истражувања е малку нејасен за секој почетник и му задава поголеми потешкотии во самото учеството во сообраќајот, како возач, а истите треба да ги знае и да ги почитува и како пешак, велосиедист или мотоциклист.

На крајот, не би сакале да должиме и да го задржуваме вашето вниманието со сувопарни текстови и објаснувања. Нашата цел е преку конкретни примери и точно определени законски одредби, да ве насочиме да бидете одговорни учесници во сообраќајот, реално да ги согледувате грешките кои некогаш и несвесно ги правиме сите ние, да се трудите да ги исправате и да бидете пример за останатите учесници во сообраќајот, а воедно и за помладите генерации, кои сега почнуваат да ги прават првите „чекори“ во возењето.

Подигнување на нашата свест во однос на сообраќајната култура, нѐ прави не само подобри учесници во сообраќајот, туку и личности со поголеми квалитети во секојдневното живеење и делување.

Затоа, бидете културни, бидете човечни и љубезни, внимавајте во сообраќајот и возете одговорно!

Животот е единственото нешто кое нема цена. Единствена апстрактна именка за која не постојат доволно зборови со кои може целосно да се опише. Не го потценувајте, не го ставајте брзото пијано и неодговорно возење пред него!

Бидете пример со кој ќе се гордеат сите. Бидете првиот во друштвото кој ќе ги подигне човечките вредности на повисоко ниво. Бидете одговорен, а така ќе бидете среќен и сигурен во сообраќајот и во животот.

Со почит,

Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата